Life WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

Акционерско друштво за осигурување
ВИНЕР ЛАЈФ-Виена Иншуренс Груп
Бр. 202/1715
21.10 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 375 од Законот за трговски друштва, како и член 34 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје, член 163, став 1, точка 14 од Законот за супервизија на осигурување Управниот одбор на друштвото на својата дваесетиседма седница на Управниот одбор на ден 21.10.2019 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за усвојување на промените во Посебните услови за животно осигурување во случај на смрт – станбени и хипотекарни кредити**

**Член 1**

Управниот одбор на Акционерското друштво донесе одлука за усвојување на промените во Посебните услови за животно осигурување во случај на смрт – станбени и хипотекарни кредити.

**Член 2**

Направени се следните промени во Посебните услови за животно осигурување во случај на смрт – станбени и хипотекарни кредити:

1. Насловот на условите гласеше: "Посебни услови за животно осигурување во случај на смрт – станбени и хипотекарни кредити.", а истиот сега гласи: "Посебни услови за животно осигурување во случај на смрт поврзано со кредити".

2. Поимот "осигурувач" е заменет со поимот "осигурител".

3. Членот 13 точка гласеше: "Според овие услови може да се осигураат лица постари од 20 години па се до навршени 67 години, ако не е поинаку определено од осигурителот. Максималната возраст за пристапување на осигуреник е определена со тарифникот на осигурителот и зависи од договорениот период на важност на осигурувањето.", а истиот сега ќе гласи: "Според овие услови може да се осигураат лица постари од 20 години па се до навршени 65 години, ако не е поинаку определено од осигурителот. Максималната возраст за пристапување на осигуреник е определена со тарифникот на осигурителот и зависи од договорениот период на важност на осигурувањето."

4. Во членот 24 додена е точка 2.

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила на ден 01.11.2019.

**Образложение**

Управниот одбор на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје согласно своите законски и статутарни овластувања, а со цел подобрување на работењето на Друштвото донесе одлука за усвојување на промените во Посебните услови за животно осигурување во случај на смрт – станбени и хипотекарни кредити. За извршената промена ќе биде доставено известување до Агенцијата за супервизија на осигурување. Пречистениот текст од условите и техничкиот план се составен дел на оваа одлука.

**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР ЛАЈФ– Виена Иншуренс Груп Скопје**
**Претседател на Управен одбор**
**Дарко Дедиќ**

**Член на Управен одбор**
**Бернд Ацхатз**